**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-265/4**

**Скопје, 09.04.2009 година**

**До**

**ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Централен регистар на Република Македонија (во понатамошниот текст Централен регистар) за 2007 година, кои се прикажани на страните од 8 до 11.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државната ревизија.

3. Извршена е ревизија, и е издаден извештај за финансиските извештаи на Централен регистар на Република Македонија - Скопје за 2003 година. За годината која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија не е вршена ревизија на финансиските извештаи.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Зоранчо Алексов - директор од 27.09.2006 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 7 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 27.10.2008 до 03.12.2008 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. Од страна на Централниот регистар на Република Македонија добиени се забелешки на точките 10.2.1.; 10.4. и 12 од Претходниот извештај, број 1104-265/3 од 17.03.2009 година, истите овластениот државен ревизор ги разгледа и не ги прифати.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2007 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

11.1. **Систем на интерни контроли во процесите**

**Процес на јавни набавки**

11.1.1. При оценка на системот на интерни контроли на процесот на јавни набавки и следење на нивната реализација, констатирано е дека не се воспоставени соодветни контролни системи и постапки (ex-ante и ex-post финансиска контрола), со што се создава ризик од недоследно почитување на законските и подзаконските акти во делот на јавните набавки, набавка на производи и услуги по најповолни цени и услови, што не е во согласност со одредбите од Законот за јавни набавки и Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Ваквата состојба има за последица можност од необезбедување фер конкуренција, еднаква и недискриминирачка положба на понудувачите, транспарентност и јавност во набавките. На ревизијата се презентирани документи кои потекнуваат од 2008 година а се однесуваат на распоредување на лица за ex-ante и ex-post финансиска контрола.

**Препорака:**

Надлежните органи да пристапат кон пропишување, донесување и имплементирање на контролни постапки во процесот на јавни набавки.

11.2. **Неправилна примена на акти**

11.2.1. Со ревизија на материјалните средства во Билансот на состојба на Централниот регистар, ревизијата ги констатира следните неправилности:

- Централниот регистар до денот на ревизијата ги нема целосно разрешено имотно правните односи. На ревизијата и беше презентиран Извештај за состојбата на имотот од кој може да се констатира дека:
  - од поднесени 30 барања за сите градови каде Централниот регистар има регистрациони канцеларии за 18 града има добиено

Решенија дека е запишано правото на сопственост/користење односно за имотот-деловниот простор како корисник е заведен Централен регистар.
- за другите 12 града, за дел по поднесените барања до Државниот Завод за геодетски работи е добиен негативен одговор, односно истите се одбиени, а за дел сеуште не е постапено по барањата.
Нецелосно регулирање на правото на сопственост/користење е пред се поради фактот што за дел од објектите не може да се регулира правото на сопственост/користење од причина што се водат на Завод за платен промет односно на субјект кој престана да функционира на 31.12.2001 година, а отсуствува соодветен акт за регулирање на правото на сопственост од надлежните органи.

- Централниот регистар во сметководствената евиденција има евидентирано градежен објект (10-ти и 11-ти спрат во Комплексот банки каде е сместена Дирекцијата) и истиот не го користи за сопствени потреби. Согласно Одлука за размена на недвижни ствари наведените спратови ги користи Управата за јавни приходи. Централниот регистар на ден 11.02.2008 година доставил Записник за размена-примопредавање на недвижни ствари (деловен простор) до Управата за јавни приходи но до денот на ревизијата истиот сеуште не е потпишан. Од тие причини наведените спратови сеуште се евидентирани во сметководствената евиденција и се врши пресметување на годишна амортизација за објекти чиј имотно правен статус не е регулиран.

Неизвршеното запишување на правото на користење во јавната книга и непостапување по донесена Одлука за размена на недвижни ствари не е во согласност со Законот за сопственост и други стварни права. Ваквата состојба придонесува да не може да се утврди правото на сопственост/користење на градежните објекти со кои располага и стопанисува Централниот Регистар, и нереално и необјективно прикажување на позицијата материјални средства во Билансот на состојба.

11.2.2. Склучен е Договор за купопродажба на недвижен имот број 03-466/1 од 23.03.2007 година помеѓу Македонска банка АД Скопје и Централен Регистар на РМ. Предмет на договорот е регулирање на правата и обврските помеѓу договорните страни во врска со купопродажба на дел од недвижен имот со површина од 98.58 м2 сопственост на Македонска банка АД Скопје стекнат врз основа на Договор за купопродажба на деловен простор сопственост на РМ – ЗПП и за превземање на вработени на ЗПП број 03-23710/1 од 03.12.2001 година. Со ревизија е констатирано дека:

- Не е извршено укнижување на право на сопственост согласно член 7 од Договорот;
- Не е пресметан и платен данок на имот од страна на купувачот поради неможност од остварување на право на сопственост согласно законската регулатива што не е во согласност со Законот за данок на имот;
- Договорот не е заверен на нотар што не е во согласност со Законот за нотарски работи и склучениот Договор,
- Извршено е купување на деловен простор и покрај фактот дека продавачот за недвижниот имот предмет на купопродажба го

нема укнижено правото на сопственост во јавните книги од причина што претходниот сопственик Министерство за финансии на Република Македонија Скопје сеуште го нема укнижено правото на сопственост.

Купување на деловен простор односно одлевање на парични средства без постоење на можност за регулирање на правото на сопственост и негово укнижување во јавните книги како и неможност од подмирување на обврската за плаќање данок на имот не се во согласност со Законот за сопственост и други стварни права и Законот за даноците на имот и овозможуваат нереално и необјективно прикажување на позицијата градежни објекти во Билансот на состојба на 31.12.2007 година и не упишување на правото на сопственост во јавните книги. На ревизијата и е презентирана „Иницијатива за завршување на делбениот биланс на поранешниот Завод за платен промет“ заведен под број 03-331/1 од 18.11.2008 година доставена до Владата на Република Македонија за надминување на настанатата состојба.

**Препораки:**

Основачот Влада на Република Македонија и органите на управување и раководење на Централниот регистар да превземат мерки и активности за разрешување на правото на сопственост.

Централниот регистар по обезбедување на веродостојни документи за правото на сопственост да изврши запишување на правото на користење, управување, располагање со недвижностите, пријавување на промените на недвижниот имот и промена на катастарската култура во јавните книги кај надлежниот орган**.**

11.2.3. На позицијата Аванси за материјални средства на известувачкиот датум 31.12.2007 година евидентирана е состојба во износ од 2.618 илјади денари евидентирана врз основа на Завршна ситуација за извршени градежно-занаетчиски работи согласно договор за изведба на градежни и градежно-занаетчиски работи заведен под број 03-2587/1 од 10.12.2005 година. За наведениот деловен простор изготвен е Записник за технички прием заведен под број 03-2587/3 од 27.12.2005 година. До денот на ревизијата не е регулирано правото на сопственост односно користење. Ваквата состојба не е во согласност со Законот за трговски друштва и Законот за сопственост и други стварни права и има за ефект неможност од воведување во евиденција, непресметување на амортизација, нереална и необјективна состојба на позицијата материјални средства во трговските книги. На ревизијата и е презентиран акт „Писмена согласност за учество во финансирање на премер на деловен простор во објектот „Комплекс банки“ Скопје, упатен до корисниците на деловниот простор во наведениот комплекс.

**Препорака:**

Менаџментот и органот на управување на Централниот регистар да превземат мерки и активности за регулирање на правото на сопственост за изградениот деловен простор а со тоа и негово воведување во сметководствената евиденција.

11.3. **Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

11.3.1. Централен Регистар не превземал мерки и активности за навремено доставување на Годишна сметка до Регистарот на годишни сметки Централен Регистар и Управата за јавни приходи, односно истата е доставена на 17.03.2008 година што не е во согласност со Законот за трговски друштва и Законот за даночна постапка со кој се определува пропишаниот рок за доставување и истиот е до крајот на месец февруари. Ваквата состојба предизвикува нееднаква положба на правните субјекти и податоците внесени во Годишната сметка да не може да се направат достапни за корисниците во вид на информации.

**Препорака:**

Доставување на финансиските извештаи до надлежните институции да се извршува во законски предвидените рокови.

11.4. **Ненаменско и незаконско користење на средствата**

11.4.1. Со ревизија на процесот на јавни набавки (планирање, обезбедување на средства, утврдување на потреба од набавка и донесувањето на интерни акти во Централниот регистар на РМ), ревизијата констатира состојби кои не се во согласност со Законот за јавни набавки и тоа:

- Годишниот план за јавни набавки за 2007 година не е потпишан и не е донесен до крајот на јануари 2007 година од страна на одговорното лице во Централниот регистар на РМ,
- Годишниот план за јавни набавки за 2007 година не е доставен до Бирото за јавни набавки во законски предвидениот рок,
- Претходното Индикативно известување за јавните набавки што Централниот регистар планира да ги изврши во текот на годината не е доставено до Бирото за јавни набавки
- Не е извршено разграничување на одреден вид или група на стоки, услуги и работи во Правилникот за начинот и постапката на вршење на набавка од мала вредност.

Ваквата состојба предизвикува можност од ненаменско и незаконско користење на средствата и необезбедување фер конкуренција, еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите, транспарентност и јавност.

**Препорака:**

Централниот регистар да пристапи кон пропишување на соодветни постапки и процедури кои ќе овозможат изработка на потребните акти и нивно постојано ажурирање.

11.4.2. Централниот регистар пристапил кон спроведување на повеќе постапки за јавни набавки при што во постапките за набавка на услуги за одржување и развој на ИТ системите и информатичката структура и набавка на канцелариски потрошни материјали не е овозможено доследно почитување на одредбите на Законот за јавни набавки, и тоа како што следува:

- за спроведената постапка за набавка на услуги за одржување и развој на ИТ системите и информатичката структура, Централниот регистар не обезбедил целосно чување на документацијата создадена во текот на постапката за јавна набавка односно недостасуваат документи за финансиска, економска и техничка способност за понудувачите, со што е ограничен делокругот на ревизијата и не е побарана гаранција за учество на понудувачите.

За наведената набавка склучен е договор во износ од 8.568 илјади денари а извршени се услуги во извештувачкиот период во износ од 3.570 илјади денари (прилог 1);

- при спроведување на постапката по отворен повик број 2/2007 година за набавка на канцелариски потрошни материјали не е постапено согласно одредбите на ЗЈН поради тоа што одлучувал по поднесената жалба за избор на најповолен понудувач и покрај тоа што нема таква надлежност. Со Решение број 46-612/3 од 05.09.2007 година Комисијата за жалби по јавни набавки при Владата на Република Македонија ја поништува постапката по отворен повик. За наведената набавка склучени се договори во износ од 1.339 илјади денари а извршени се набавки во известувачкиот период во износ од 419 илјади денари (прилог 1);

Ваквата состојба, предизвикува ограничување на делокругот на ревизијата и необезбедување на фер конкуренција, еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките.

**Препорака:**

Надлежните органи на раководење на Централниот регистар да ги превземат неопходните активности за пропишување на политики за континуирано едуцирање на вработените/лицата за подготвување и спроведување на постапките за доделување на договори за јавни набавки, вклучувајќи ја реализацијата на договорите за јавни набавки и чувањето на документацијата.

### 11.5. Неправилности во ИТ системот во делот на финансово-сметководственото работење

11.5.1. При оценка на ИТ системот на Централниот регистар на РМ, во делот на финансово-сметководственото работење, идентификувано е отсуство на:

- општ документ за сеопфатна ИТ безбедносна политика, односно отсуство на безбедносна политика за заштита и интегритет на податоците како што е:
  - најавување во системот со користење на корисничко име без лозинка;
  - најавување во софтверот за материјално и финансиско работење со кориснички имиња без лозинки и софтверот за пресметка на плати со кориснички имиња и една лозинка за двајца вработени;
- соодветно постапување во насока за чување на копија од податоците (Back up) на пристојно оддалечено растојание согласно меѓународните стандарди.

Ваквата состојба предизвикува можност за загрозување на безбедноста на податоците, менување на податоците во ИТ системот и намалување на веродостојноста и релевантноста на податоците.

**Препораки:**

Централниот регистар, да пристапи кон изработка на општ документ за сеопфатна ИТ безбедносна политика, креирање на кориснички имиња и лозинки за најава во системот и најава во софтверот за финансиско-сметководствена евиденција за секој вработен соодветно.

Централниот регистар да превземе мерки и активности за обезбедување на сигурност на податоците односно CD или трака со back up копија и нивно чување на друга локација, надвор од институцијата.

11.6. **Ефекти од ревизијата**

11.6.1. Имајќи ги во предвид наодите изнесени во точките 11.1.; 11.2.; 11.3; 11.4. и 11.5. предизвикуваат: невоспоставени интерни контроли во работењето во делот на процесот на јавни набавки, нецелосно разрешување на имотно правните односи, ненавремено доставување на Годишна сметка до Регистарот на годишни сметки и необезбедување на сигурност на податоците од финансиско-сметководствената евиденција.

12. Според наше мислење, освен изнесеното во точките 11.2. финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Централен Регистар на Република Македонија под 31 Декември 2007 година, резултатите од работењето и паричните текови за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење освен изнесеното во точките 11.2. и 11.4. кај Централен Регистар на Република Македонија остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции за 2007 година.

14. Известување за превземените мерки за дадените препораки и мерки на ревизорскиот извештај на финансиските извештаи за 2003 година:

14.1. Централен регистар превземал мерки за утврдените наоди и спроведена е дадената препорака од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2003 година.

**Овластен државен ревизор**

**Скопје, 06.04. 2009 година**

## БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2007 ГОДИНА

во 000 Ден.

| ОПИС | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| Приходи од продажба | 260,809 | 219,022 |
| Останати деловни приходи | 7,535 | 98 |
| **Вкупни приходи од оперативно работење** | **268,344** | **219,120** |
| Материјални трошоци | 36,070 | 37,311 |
| Трошоци за бруто плати | 100,235 | 79,788 |
| Амортизација и вредносно усогласување на долгорочни средства | 24,103 | 26,367 |
| Вредносно усогласување на на краткорочни средства | 19 | - |
| Останати оперативни трошоци | 28,563 | 26,790 |
| **Вкупно трошоци од оперативно работење** | **188,990** | **170,256** |
| Приходи од камати, курсни разлики и слични приходи | 3,081 | 1,478 |
| Приходи од учества на вложувања | - | 53 |
| Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | 4,815 | 5,877 |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ** | **77,620** | **44,518** |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **77,620** | **44,518** |
| **Данок од добивка** | **9,376** | **6,552** |
| **НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА** | **68,244** | **37,966** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства и хартии од вредност | 132,842 | 65,916 |
| Краткорочни финансиски вложувања | 1,580 | 600 |
| Други краткорочни побарувања | 336 | 355 |
| Залихи | 917 | 770 |
| Аванси за нематеријални и материјални вложувања | 2,618 | 2,618 |
| **Вкупно тековни средства** | **138,293** | **70,259** |
| **Нетековни средства** | | |
| Нематеријални и материјални средства | 230,578 | 241,686 |
| **Вкупно нетековни средства** | **230,578** | **241,686** |
| **Вкупна актива** | **368,871** | **311,945** |
| **Вонбиласна евиденција-Актива** | | |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Обврски спрема добавувачите | 3,114 | 1,482 |
| Останати краткорочни обврски | 4,850 | 6,578 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | **7,964** | **8,060** |
| **Нетековни обврски** | | |
| Долгорочни обврски | 55,946 | 67,168 |
| **Капитал и резерви** | | |
| Капитал | 314,777 | 314,777 |
| Ревалоризациона резерва | 7,381 | 7,381 |
| Нето добивка | 68,244 | 37,511 |
| Пренесена загуба | 85,441 | 122,952 |
| **Вкупно капитал и резерви** | **304,961** | **236,717** |
| **Вкупна пасива** | **368,871** | **311,945** |

**П Р Е Г Л Е Д**
**ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2007 ГОДИНА**

| О П И С | Државен јавен капитал | Ревалоризациона резерва | Добивка од финансиската година | Загуба од финансиската година | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2007 година** | **314,777** | **7,381** | **37,511** | **(122,952)** | **236,717** |
| Добивка за финансиска 2007 година | - | - | 68,244 | | **68,244** |
| Загуба за финансиска година | - | - | (37,511) | 37,511 | **-** |
| **Состојба 31.12.2007 година** | **314,777** | **7,381** | **68,244** | **(85,441)** | **304,961** |

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2007 ГОДИНА

| | во 000 Ден. |
|---|---|
| | **2006/2007** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ** | |
| **НЕТО ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **77,620** |
| Амортизација | 24,103 |
| Неотпишана вредност на отуѓени и отпишани средства | 1,499 |
| Данок од добивка | (9,376) |
| **Готовински текови од работење** | **93,846** |
| Краткорочни финансиски вложувања | (980) |
| Други краткорочни побарувања | 19 |
| Залихи | (147) |
| Обврски спрема добавувачи | 1,632 |
| Останати краткорочни обврски | (1,728) |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **92,642** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ** | |
| Нематеријални и материјални вложувања | (14,494) |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **(14,494)** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ** | |
| Обврски по долгорочни кредити | (11,222) |
| **Нето готовински текови од финансиско работење** | **(11,222)** |
| **НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА** | **66,926** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА** | **65,916** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА** | **132,842** |